# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Бр. 12-708/2

Скопје 03.03.2022 г.

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје
Република Северна Македонија

Тел. + 389 2 3103 400

www.avmu.org.mk
www.avmu.mk
contact@avmu.mk

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги како имател на информации, врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 15[1], од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20 и 77/21), а согласно член 20 став 1 и член 21 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/19) и член 88 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.124/15), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер бр.0302-4/22 од 17.02.2022 година (наш арх.бр12-708/1 од 21.02.2022 година), поднесено од барателот на информација Национална мрежа против насилство врз жените и семејно насилство, со седиште на ден 03.03.2022 година донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**1. ПОЗИТИВНО СЕ ОДГОВАРА** на Барањето за пристап до информации од јавен карактер бр.0302-4/22 од 17.02.2022 година (наш арх.бр12-708/1 од 21.02.2022 година), поднесено од барателот на информација Национална мрежа против насилство врз жените и семејно насилство, со седиште со кое се бараат следните информации од јавен карактер, и тоа:

1. По спроведувањето на обуки на претставници за Совет за етика – СЕММ, АВМУ и медиумски професионалци за начинот на известување за прашања поврзани со РБН дали се одржани такви обуки и работилници во периодот од јуни до декември 2021 година? Доколку одговорот е ДА, наведете по кој модул/и се спроведуваат и кој е обучувач/ка на овие обуки?

**2. СЕ ОВОЗМОЖУВА ЦЕЛОСЕН ПРИСТАП** до бараната информација од јавен карактер, и тоа:

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата), како што и самите наведувате, веќе има известено дека во текот на март/април 2021, четворица вработени од АВМУ (во Одделението за човекови права и медиумска писменост), посетуваа обуки во врска со известувањето во медиумите за родово засновано насилство (РЗН), со што всушност обврската од НАП-от за 2021 година беше исполнета.

Сепак Агенцијата, уште претходно т.е. по завршувањето на обуките за АВМУ и Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), што се одржаа во декември 2020 година, во рамките на

[1] Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Законот за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 248/18)

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

проектот „Слобода на изразување и слобода на медиумите во Северна Македонија – ЈУФРЕКС2" (заеднички спроведуван од Европската Унија и Советот на Европа), покрена иницијатива за последователна активност - изработка на „Водич на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за мониторинг на примената на стандардите за известување во случаи на родово засновано насилство во медиумите". Имено, регулаторното тело побара , експертката на СоЕ која ги држеше декемвриските обуки, да изработи ваков водич којшто Агенцијата ќе може да го користи во случаите кога ќе врши мониторинг на програми за кои постои сомневање дека претставуваат несоодветно известување за родово засновано насилство. Уште во јануари се одржа онлајн состанок за консултации меѓу претставници на АВМУ, и претставнички на Канцеларијата на СоЕ во Скопје, а потоа, во текот на изработката, во повеќе наврати, беа давани коментари, забелешки и сугестии за текстот (по електронска пошта).

На 9 ноември, Советот на Агенцијата го усвои Водичот, кој беше објавен на веб сајтот на АВМУ на: https://bit.ly/3v3BKTT, по што следуваше настан за негово промовирање пред релевантната, но и пред пошироката јавност. Онлајн настанот „Родово засновано насилство во медиумите: состојба, насоки, мониторинг", којшто се одржа на 11 ноември 2021 година, беше заеднички реализиран од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Коалиција Маргини и ХОПС – опции за здрав живот, а со поддршка на Програмската канцеларија на Советот на Европа во Скопје (во рамки на ЈУФРЕКС 2 проектот). Со оглед на фактот дека во текот на 2021 година, од различни чинители беа изработени и објавени повеќе документи кои се однесуваа на родово заснованото насилство и известувањето на медиумите, Агенцијата, наместо класична работилница, иницираше посебен онлајн настан којшто беше замислен и реализиран како можност сите заинтересиран чинители – медиумски работници, вработени во АВМУ, претставници на СЕММ, на државни институции, како и на низа граѓански организации да се запознаат со прашањето на известувањето за родово заснованото насилство од повеќе аспекти.

На настанот, првиот сегмент беше посветен на начинот на известувањето на медиумите преку презентација на резултатите од истражувањето „Сексуалните малцинства, родот и медиумите: Анализа на медиумското покривање на темите поврзани со ЛГБТИ заедницата и родово заснованото насилство" спроведено од Коалиција Маргини, со поддршка од Хајнрик Бел Фондацијата. Најпрвин , извршна директорка на Маргини, ги претстави наодите од анализата на медиумското покривање на темите поврзани со ЛГБТИ заедницата, а г-а , авторка и истражувачка, се фокусираше на клучните наоди од студијата на случај за медиумското известување за случајот „Јавна соба". Притоа, таа направи споредбена анализа на известувањето за овој случај на родово засновано насилство во 2020 и во 2021 година и се покажа дека имало извесна позитивна промена во начинот на известување што, меѓу другото се должи и на напорите на различни чинители за подигање на свеста кај медиумските работници. Претходно, на медиумите и родово заснованото насилство, односно на потребите и насоките за професионално известување, се осврна г-а , проектна координаторка во ХОПС.

Следниот аспект беа насоките за тоа како треба да известуваат медиумите за РЗН. За таа цел, г-а , извршна директорка на Советот за етика во медиумите на Македонија и г-а , правна советничка во Националната мрежа против насилство врз жени и семејно насилство, го презентираа „Прирачникот за родово сензитивно известување во медиумите", изработен како дел од проектот „Со различен дискурс до подобра реалност, медиумите во борбата против родово базирано насилство – зајакнување на медиумската писменост за РБН", имплементиран од ХОПС – Опции за здрав живот Скопје, во партнерство со Коалиција

Маргини, Национална мрежа против насилство врз жените и семејно насилство во рамки на Регионалната програма на Европската Унија, UN Women Skopje и UN Women „Спречување на насилството врз жените и девојките: Имплементирање на норми – промена на ставови.“

Третиот аспект се однесуваше на мониторингот на медиумското известување при што г-а [redacted] од АВМУ го презентираше „Водичот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за мониторинг на примената на стандардите за известување во случаи на родово засновано насилство во медиумите“. Овој документ во себе содржи: пресек на состојбата со РЗН во земјава; преглед на најважните меѓународни документи и на домашната легислатива; објаснување на значењето и на регулацијата и на само регулацијата за известувањето за РЗН; обезбедува серија од прашања во однос на кои, при надзорот, треба да се анализира прилогот/програмата за која постои сомнеж дека не ги следи стандардите за известување за случаите на РЗН; дава јасни насоки за тоа како ќе се спроведува надзорот кои треба да им бидат познати и на медиумите со оглед на фактот дека тој е објавен и достапен на веб сајтот на регулаторното тело; и наведува добри практики што треба да се следат при известувањето.

Инаку, Агенцијата и Коалицијата Маргини имаат традиционално добра соработка, а со ХОПС, во март 2021 година, беше потпишан Меморандум за соработка за повеќе прашања меѓу кои и за родово засновантото насилство.

Освен ова, Агенцијата беше активна и на други настани поврзани со родово засновантото насилство.

Во јануари 2021, како дел од соработката со Советот за етика во медиумите, се одржа онлајн работилницата „Против стереотипи и дискриминација со инклузивно медиумско известување“, која беше делумно поддржана од Канадскиот фонд за локални иницијативи преку Амбасадата на Канада. На работилницата, претставниците на АВМУ дадоа свој придонес во дискусијата во која фокусот беше ставен на известувањето на медиумите за случаите на родово засновано насилство.

Во декември 2021, претставник на АВМУ учествуваше на Конференција „Грижи се машки – Од свесност до вклученост: Вклучување на мажите во превенција на родово насилство и работа со сторители со фокус на безбедноста на жртвата“, која се одржа во хибриден формат, во организација на Реактор и Хера.

На 31 декември беше донесен Оперативниот план на АВМУ за 2022 година за реализирање на Акцискиот план за спроведување на Конвенцијата за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство 2018-2023, којшто е објавен на сајтот на АВМУ, во посебниот линк за Родот и медиумите на: https://avmu.mk/wp-content/uploads/2022/02/Operativen-plan-za-2022-za-Akciskiot-plan-za-Istanbulskata-konvencija-2018-2023-rotated-1.pdf

**О б р а з л о ж е н и е**

До Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги како имател на информации, од барателот на информација Национална мрежа против насилство врз жените и семејно насилство, со седиште на ул. [redacted] поднесено е Барање за пристап до информации од јавен карактер бр.0302-4/22 од 17.02.2022 година (наш арх.бр12-708/1 од 21.02.2022 година), со кое се бараат информации од јавен карактер кои се наведени во точка 1 на диспозитивот на ова Решение.

По извршениот увид во доставеното Барање, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, утврди дека располага со бараните информации од јавен карактер и дека не постојат законски причини за нивна недостапност, поради што

се овозможи целосен пристап до бараните информации, кои се наведени во точка 2 на диспозитивот на ова Решение.

Во врска со напред наведеното, врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 15 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20 и 77/21), а согласно член 20 став 1, член 21 и член 27 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/19) и член 88 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.124/15), се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Службено лице за посредување со информации

________________________
Цветанка Митревска

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Директор,**

________________________
**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение барателот на информација може да поднесе жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер.

**Доставено до:**

- Подносителот на барањето за пристап до информации од јавен карактер,
- Службено лице за посредување со информации на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,
- Архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.